Република Северна Македонија
НОТАР
Мице Илијевски
Општина Куманово
ул. Доне Божинов, бр.11,
05.10.2020 г. ( пети октомври, две илјадита и дваесета година )

Фабрика за заварени цевки и профили
11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво
Бр. 02-6496
08.10 2020 год.
Куманово

ОДУ бр. 575/ 2020

- и з в о д -

# НОТАРСКИ АКТ
# НА ЗАПИСНИК ОД ОДРЖАНА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА ФЗЦ 11 ОКТОМВРИ АД КУМАНОВО

Јас, Нотар Мице Илијевски, со службено седиште во Куманово, ул. Доне Божинов, бр. 11, денес на 05.10.2020 г. ( ден пети октомври, две илјадита и дваесетта година ) на писмена Покана од ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово ( *прилог* кон овој записник ) од лицето овластено за застапување на Акционерско друштво Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво, Куманово, со седиште во Куманово, ул. 11 Ноември, бр. ББ, со ЕМБС 4028201, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Друштвото која се одржа на денешен ден во седиште на Друштвото, со почеток во 12 ( дванаесет ) часот, при што согласно член 92 од Законот за нотаријатот и чл. 407 во врска со член 383 став 3 и чл. 393 од Законот за трговските друштва (Службен весник на Р. М. број 28/ 2004 ), го составив следниот:--
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**-------------------ЗАПИСНИК ОД ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ---------------------**
**-----------------------НА ФАБРИКА ЗА ЗАВАРЕНИ ЦЕВКИ И ПРОФИЛИ-----------------------------**
**-------------------------11 ОКТОМВРИ Акционерско друштво КУМАНОВО--------------------------------**
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред отпочнувањето на собранието на мое барање ми беша предочени:------------------------------------------------

**1.** Тековна состојба на друштвото издадена од Центарален регистар на Р.С.М, Трговски регистар и регистар на други правни лица изд. под бр. 0805-50/ 151020200004029 издадена од 21.09.2020 г. од која утврдив дека Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ Акционерско Друштво, Куманово, со седиште во Куманово, ул. 11 Ноември, бр. ББ, со ЕМБС 4028201, е запишано во Трговскиот регистар при Централниот регистар на Р.С.М. ( *прилог* ), како и Потврда за неотворена стечајна постапка, која е извадена на 21.09.2020 г. издадена под бр. 0806-50/ 151020200004030 ( прилог ) и Потврда за неотворена ликвидациона постапка, која е извадена на 21.09.2020 г. издадена под бр. 0807-50/ 151020200004031 ( *прилог* ).---------------------------------------------

**2.** Акционерската книга на Акционерското друштво Акционерско друштво Фабрика за заварени цевки и профили 11 ОКТОМВРИ А.Д. Куманово, ( која ми е предочена во хартиена форма и се наога во службите на друштвото, као и примерок во електронска форма кој е *прилог* во форма на ЦД кон овој записник, со вкупен број на акции во износ од 491, 000 акции. ( четирстотини деведесет и една илјада акци ) со состојба на денешен ден 05.10.2020 г. во се евидентирани вкупен број на акции од 491,000 акции ( четирстотини деведесет и една илјада акци ) кои имаат право на глас со вкупен број на гласови 491. 000.---------------------------------------

**3.** Јавен повик објавен во дневно гласило " НОВА МАКЕДОНИЈА " објавен на 01.09.2020 г. ( *прилог* ), кој е и објавен на официјалната интернет страница на друштвото – www.fzc11oktomvri.com.mk со кој се повикуваат акционерите да присуствуваат на седницата на Годишно Собрание на акционерите на ФЗЦ 11 Октомври АД Куманово, на ден 05.10.2020 г. со почеток во 12 часот, во седиштето на А.Д.-------------------------

**4.** Статут на ФЗЦ 11 Октомври А. Д. Куманово, во кој извршив увид .----------------------------------------------

**5.** Список на присутни акционери и застапници на акционери, со број на акции ( *прилог* ). Од наведениот список по негова верификација и потпишување од присутните акционери и застапници утврдив дека на седницата на собранието се присутни вкупно 20 акционери или нивни застапници, со вкупно 322.317 гласа (тристо дваесет и две илјади и тристо и седумнаесет ), или 65, 64 % ( шеесет и пет запирка шеесет и четири проценти ). Сите присутни акционери и застапници лично го потпишаа списокот, а за оние кои се застапници на увид ми беа предочени полномошната, потоа пријави за учество на собранието, согласно ЗТД ( по донесените измени и дополнувања во Сл. Весник на Р.М. бр. 07-1393/ 1 од 25.03.2010 и бр. 07-1057/ 1 од 23.02.2011 г.) ------------------------------------------------------------------------------------------------------

--Седницата ја отвори Г- Дин **Војчо Нацевски** е со адреса на живеење во Куманово, ул. Мирче Ацев, бр. 41, роден на 21.05.1955 г. во Куманово, по занимање дипломиран машински инжинер, чиј идендитет го утврдив од л. к. бр. А2292303 изд. од УВР Куманово на 30.08.2019 год, кој и претседавал на последната седница на Собранието на акционери и истакна:-----------------------------------------------------------------------

--Почитувани акционери и застапници на акционери, членови на Одбор на директори ФЗЦ 11 Октомври А.Д. Куманово, Ве поздравувам и Ви пожелувам успешна работа на годишнава седница на Собранието на акционери.-----------------------------------------------------------------------------------------------------

./.

--Врз основа на чл. 384, ст. 1 од ЗТД, Одборот на директори на својата седница одржана на 27.08.2020 г. донесе Одлука за свикување на Годишно Собранието на акционери, заведена под бр. 02-5815 од 27.08.2020 год. ( *прилог* ) со закажан термин за денес 05.10.2020 г. во 12, 00 часот во просториите на друштвото.----------
Со оглед дека Собранието, согласно чл. 383, став 1 од ЗТД одлучува само за прашањата изречно определени со овој Закон и утврдени во дневниот ред за свикување на Собранието, дозволете да Ви го прочитам јавниот повик и дневниот ред кој беше објавен на официјалната интернет страница на друштвото и дневниот весник " НОВА МАКЕДОНИЈА " објавен на 01.09.2020 г. ------------------------------------------------------------
По читањето на јавниот повик го предложи и објавениот:------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------ДНЕВЕН РЕД--------------------------------------------------

**1.) Процедурален дел:**------------------------------------------------------------

1. Верификација на списокот на присутни акционери, односно нивни полномошници.------------------
2. Утврдување кворум за работа и одлучување.------------------------------------------------------------
3. Избор на бројачи на гласови.------------------------------------------------------------

   - Записникот ќе го води нотар.------------------------------------------------------------

**2.) Работен дел:**------------------------------------------------------------

1. Избор на претседавач на Собранието на акционери.------------------------------------------------------------
2. Разгледување и усвојувањевна на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работа на друштвото за деловната 2019 година и извештај на независни ревизори и донесување на одлука.------------------------------------------------------------
3. Донесување на Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиски извештаи за 2019 год.------------------------------------------------------------
4. Одобрување на работа на членовите на Одбор на директори.------------------------------------------------------------
5. Донесување на Одлука за отповикување на членови на Одбор на директори.------------------------------------------------------------
6. Донесување на Одлука за избор на членови на Одбор на директори.------------------------------------------------------------
7. Разгледување и усвојување на Годишен извештај на Службата на внатрешна ревизија и донесување на одлука..------------------------------------------------------------
8. Назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2020 година.------------------------------------------------------------
9. Донесување на Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна.------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------

По утврдување на дневниот ред се пристапи кон разгледување на Процедуралниот дел од дневниот ред.-------

**1. Верификација на списокот на присутни акционери, односно нивни полномошници.**------------------------------------------------------------
--Претседавачот на собранието истакна дека согласно податоците од стручната служба во врска со верификација на списокот на присутни акционери односно нивни полномошници ја верификував следната состојба:------------------------------------------------------------
--Од вкупно 491.000 акции со право на глас присутни се 322.317 гласа (тристо дваесет и две илјади и тристо и седумнаесет ), или 65, 64 % ( шеесет и пет запирка шеесет и четири проценти ), претставувани од 20 ( дваесеет) акционери или полномошници на акционери, кој список го потпишаа сите присутни акционери и нивни полномошници на оваа собрание, со што се верифицира списокот.------------------------------------------------------------
**2. Утврдување кворум за работа и одлучување.**------------------------------------------------------------
Бидејки согласно чл. 383, став 1, од ЗТД собранието може да одлучува само по прашања утврдени во дневниот ред, објавувам ***дека кворум за рабоша и одлучување на ова собрание има.***------------------------------
**3. Избор на бројачи на гласови.**------------------------------------------------------------
--Претседавачот на собранието истакна дека е потребно да избереме два бројачи на гласови заради олеснување на работата на Собранието, а воедно и за регуларност при гласањето. Објавувам дека гласањето за избор на бројачи на гласови ќе биде јавно.------------------------------------------------------------
Дали некој сака да даде предлог.------------------------------------------------------------
За збор се јави акционерот Марина Шаботиќ и ги предложи лицата Лидија Антевска и Валентина Витановска.------------------------------------------------------------
Откако немаше други предлози. Претседавачот напомна дека ќе се гласа поединечно за секој кандидат.-------
------------------------------------------------------------
Кој е за **Лидија Антевска** да биде избeрен за бројач на гласови:------------------------------------------------------------
-------" за " гласаа 322.317 гласа------------------------------------------------------------
-------" против " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------
-------" воздржани " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------
Кој е за **Валентина Витановска** да биде избeрена за бројач на гласови:------------------------------------------------------------
-------" за " гласаа 322.317 гласа------------------------------------------------------------
-------" против " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------
-------" воздржани " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------

По ова претседавачот констатира дека Собранието ја донесе следната:

**Одлука за избор на бројачи на гласови и тоа** ЛИДИЈА Антевска и ВАЛЕНТИНА Витановска **е донесена едногласно** по пат на јавно гласање на акционери и полномошници на акционери и тоа со 322.317 " за ".

Ве информирам дека Записникот од оваа седница ќе го води нотар и тоа нотар Г-дин Мице Илијевски, нотар од Куманово. Во овој случај не се бираат записничар и оверувачи на Записник.

Откако заврши процедуралниот, по работниот дел на работа на Собранието се помина на **првата** точка од работниот дел од оваа седница .

Пред да се премине на работа по дневниот ред од работниот дел согласно чл. 400 од ЗТД предлагам собранието да се изјасни гласањето по сите точки да биде јавно.

" за " гласаа 322.317 гласа

" против " гласаа 0 гласа

" воздржани " гласаа 0 гласа

**1. Избор на претседавач на Собрание на акционери:**

Согласно чл. 395,став 2, од ЗТД Претседавачот на Собранието се избира за секое оделно Собрание. Повелете со предлози. Од акционерот Г-Дин Светислав Зафировски беше предложен акционерот Драган Сарк. Други предлози немаше. Предлогот се стави на гласање.

--Кој е за **Драган Сарк** да биде изберена за претседавач на Собранието:

" за " гласаа 322.317 гласа

" против " гласаа 0 гласа

" воздржани " гласаа 0 гласа

**--Одлука за избор на Претседавач на Собранието на** ДРАГАН САРК **е донесена едногласно по пат на јавно гласање на акционери и претставници на акционери и тоа со 322.317 гласа " за ".** Инаку **Драган Сарк** по занимање е дипломиран машински инжинер, тој е со место на живеење во Куманово, ул. Моша Пијаде, бр. 186, роден на 25.02.1958 г. во Куманово, чиј идендитет го утврдив од л. к. бр. А2563018 издадена од УВР Куманово на 27.08.2020 г.

По повик од додегашниот претседавач Војчо Нацевски ново избраниот Претседавач Драган Сарк го презема претседавањето со оваа седница и по заблагодарување на дадената доверба ги поздрави присутните.

--Потоа се пристапи кон **втората** точка од Дневниот ред.

**2. Разгледување и усвојувањевна на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работа на друштвото за деловната 2019 година и извештај на независни ревизори и донесување на одлука.**

По прочитување на оваа точка од дневен ред претседавачот отвори дискусија:

За збор се јави **г - дин Јованче Јошев**, извршен директор на фабриката и истакна:

Европската економија од која зависат извозните резултати на македонските **компании во текот на изминатите неколку години се соочи со големи финансиски** проблеми кај некои нејзини членки, Италија, Шпанија, Португалија, Ирска, Грција и други. Сето тоа во голем дел влијаеше врз намалување на нарачките кај нашите трговски партнери и пад на производството во одделни сектори на металопреработувачката индустрија во Македонија. Ако во текот на изминатите години САД и Европа тешко се справуваа со кризата и покрај огромните средства што ги потрошија за заздравување на своите економии, тогаш што можеме да очекуваме од металската индустрија во Македонија чии главни негативни карактеристики кои се однесуваат и на Фабриката се:

-Суровинска зависност од увоз;

-Релативно застарена опрема и пониска продуктивност;

-Ретки нови инвестиции и недоволно инвестирање во модернизација на опремата и пред се: Големо влијание на глобалните пазарни движења поради зависноста од увоз и претежната извозна ориентираност.

Сето ова кажува дека мора многу повеќе да се работи на надминување на слабостите во преработувачката индустрија за да истата се издигне на повисоко ниво.

Во однос на политиката на вложувања за одржување и за поддршка на успешноста во работењето на друштвото можеме да кажеме дека во текот на 2019 година Фабриката има вложено 25.672.623,00 денари. Поголем дел од овој износ е вложен во набавка на опрема за редовно одржување и нормално одвивање на процесот на производство и тоа: ултразвучна опрема, алат за леeење на пластични капи, рентген машина, опрема за плазма сечење, ПЛЦ опрема и др. Со оглед на повеќегодишните непогодни услови на стопанисување во земјата и нашето опкружување кога оствареното производство и реализација се на граница на опстанок на Фабриката, не постоеше економска и пред се финансиска можност за поголеми вложувања во доопремување и модернизација на процесот на производството.

Во четртиот квартал од 2019 година има вложено околу 130.000 евра во реновирање на спрат во Управна зграда за потребите на администрација.

./.

Поголема инвестиција во последната година беше во износ од 400.000 евра и тоа за набавка ултразвучна опрема за ултразвучно тестирање на ТВТ, тестирање на профил на завар (он-лине), тестирање на завар во склоп на линија (он-лине) како и тестирање на завар на цевки надвор од линија (офф-лине).

Во услови кога со години наназад нераспределената добивка во Фабриката беше на минимално ниво и кога четири години по ред до 2015 година, Фабриката покажа акумулирана загуба од 34.978.269,00 евра.

Ситуацијата во последните пет години е следна:

Акумулирана загуба до 2015 година е 34.978.269,00 евра ;

2016---добивка 2.444.762,00 евра;

2017----добивка 552.673,00 евра;

2018--- загуба 1.128.101,00 евра;

2019--- загуба 863.870,00 евра;

Моментална акумулирана загуба е 33,972,805.00 евра.

Оваа акумулирана загуба треба да се покрие од добивката остварена во наредните години, тогаш не останува многу простор за некои поконкретни решенија во политиката на дивиденди.

Кога ќе се променат условите кои се јавуваат како ограничувачки фактор за поголема успешност во работењето на Фабриката тогаш многу повеќе ќе можеме да зборуваме за политиката на дивиденда.

За разлика од изминативе години кога Фабриката во најголем дел работеше со сопствени извори на средства, последниве години поради потешкотии во одржување на ликвидноста приморани сме да работиме и со краткорочни и долгорочни задолжувања. Потребите за набавка на основниот репроматеријал ги покрива деловната банка со издавање на акредитиви на основ хипотека и залог дадени на дел од основни средства за одобрен рамковен кредит од цирка 14.200.000 евра. Што се однесува до политиката на односот на долгорочниот долг спрема основната главнина можеме да кажеме дека Фабриката заради одржување на ликвидноста и набавка на основен репроматеријал има и долгорочни задолжувања. Мнозинскиот акционер како и менаџментот прават максимални напори политиката на управување со ризик да биде сведена на најмала можна мера. Во прилог на ова е фактот што сите поголеми зделки Фабриката ги решава во директна врска со нашите партнери а зделките со заинтересирана страна преку наше учество како кооперант со други учесници на тендери во државата и надвор од државата.

По неколкуте релативно добри години со произведени 50.000 тони цевки и профили во 2007 година и 35.000 тони од 2008 година, последниве години производството постојано опаѓаше но во 2015 година по превземањето на Фабриката од страна на мнозинскиот акционер, истото покажа зголемување, за да во 2016 година скоро го достигна производството во 2008 година со произведени 34.490 тони цевки и профили а сега во 2019 година се оствари производство од 18.940 тони и истото е намалено во однос на 2018 година за 29%.

Во деловната 2019 година Фабриката оствари вкупен приход во износ од 1.251.482.360,00 денари и во споредба со 2018 година приходите се намалено за 16%.

Во текот на деловната 2019 година остварени се расходи во износ од 1.304.694.115,00 денари и во споредба со 2018 година истите се помали за 17%.

Во однос на остварениот вкупен приход, вкупните расходи се поголеми за 4% и Фабриката за 2019 година освари загуба во износ од 53.211.755,00 денари.

Од сите погоре анализирани показатели на финансиската стабилност се гледа дека во 2019 година Фабриката има сеуште проблеми со ликвидноста.

Со превземање на Фабриката од страна на мнозинскиот акционер Друштво за градежништво и трговика Квалитет-Пром ДООЕЛ Куманово, по неколку години криза и пад на производство и реализација, во период четври квартал 2015, 2016 и 2017 година дојде до зголемување на производство и реализација на цевки и профили а сега после речиси 2,5 години, две години по ред дојде до намалување на производството и реализација на цевки и профили што се гледа и од самата анализа на тие показатели во овој извештај.

Сето тоа влијаеше и на финансиската стабилност на Фабриката па така во 2018 и 2019 година Фабриката покажа негативен финансиски резултат.

Од превземањето на акционерското друштво од страна на мнозинскиот сопсвеник.

Се надеваме дека во наредниот период ќе се надмине моменталната состојба во работењето на Фабриката и во наредните години Фабриката да оствари поголемо производство и реализација а со тоа да оствари и позитивен финансиски резултат.

По излагањето на извршниот директор Јованче Јошев претседавачот отвори дискусија.

Прв за збор се јави полномошникот на малцински акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски, кој ги поздрави присутните акционери, и нивни полномошници. Тој кажа дека ке постави неколку прашањања, а

./.

посебно зошто во извештајот не се опфатени неколку прашања и тоа: Колку судски постапки се водат против ФЗЦ 11 Октомври АД-Куманово? Колкава е штетата од судските постапки? Од кои субјекти се краткорочните и долгорочните задолжувања и дали се од заинтересирана страна? Кои основни средства се дадени под хипотека и залог за акредитивите? Дали во деловната 2019 година, сте користеле позајмици од заинтересирана страна и под кои услови? Дали увозот и извозот е реализиран преку заинтересирана страна? Колкав е процентот на работата во деловната 2019 година, со заинтересирана страна? Зошто сега во 2020 година се вршат вложувања во административна зграда, а не во инвестирање за купување во опрема потребна за фабриката. Во извештајот не е спомнато ниту за тужбите кои се поднесени против ФЗЦ, колку судски постапки се водат и колкава штета ќе се предизвика од тие тужби, не се спомнуваат трошоците како за тужителите така и за нивните адвокати, а сето тоа ќе биде на штета на вработените и акционерите на друштвото. Па затаоа предлагам на сите овие прашања да ми се одговори. ------------------------------------------------------------------------------------------------

На ова од дискусијата од присутните акционери се заклучи да полномошникот на малцински акционери Марјан Поповски сите овие прашања во тек на утрешен ден ги достави конкретно формулирани на имејл до стручните служби на друштвото, па ќе му се одговори писмено на сите прашања.---------------------------------------

По ова претседавачоо откако констатира дека никој повеќе не јави за дискусија, тој ја прочита Предлог-Одлуката и ја стави на гласање:-----------------------------------------------------------------------------------------------

---------“ за “ гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------------------

---------“ против “ гласаа 8.272 гласа--------------------------------------------------------------------------------------

---------“ воздржани “ гласаа 0 гласа----------------------------------------------------------------------------------

По пребројувањето се констатира да **Одлука за усвојувањевна на годишна сметка, финансиски извештаи и годишен извештај за работа на друштвото за деловната 2019 година и извештај на независни ревизори** по пат на јавно гласање на акционери и полномошници на акционери е донесена 314.045 гласа “ за “. --------------------

По ова за збор се јави полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков кој истакна дека се противи на ваквата донесена одлука која е на штета на вработените и малцинските акционери.------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука која е на штета на вработените и малцинските акционери.----------------

**-3. Донесување на Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиски извештаи за 2019 год. -**

Претседавачот ја прочита Предлог-Одлуката, и нагласи дека треба да се донесе Одлука за покривање на загуба по годишна сметка и финансиски извештаи па Одлуката беше ставена на гласање.---------------------------

----------“ за “ гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------------------

----------“ против “ гласаа 8.272 гласа--------------------------------------------------------------------------------------

----------“ воздржани “ гласаа 0 гласа----------------------------------------------------------------------------------

По пребројувањето се констатира дека **Одлука за покривање на загуба по годишната сметка и финансиски извештаи за 2019 год.** по пат на јавно гласање на акционери и полномошници на акционери е донесена едногласно со 314.045 “ за “.--------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна дека се противи на ваквата донесена одлука која е на штета на вработените и малцинските акционери.------------------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука која е на штета на вработените и малцинските акционери, а на крај за збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 4, Васко Тодоровски, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука која е на штета на вработените и малцинските акционери.------------------

**4. Одобрување на работа на Одбор на директори.**-------------------------------------------------------------------------

--Збор зема Претседавачот на собранието и ја истакна околноста дека согласно чл. 384, став 5 од ЗТД Собранието по завршување на деловната година задолжително одлучува за одобрување на работата и водење на работењето на членовите на Одборот на директори.------------------------------------------------------

--За одобрувањето на работата на членовите на Одбор на директори се гласа оделно за секој член, па сега одиме на гласање:---------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За одобрување на работа на **Александар Крстевски.**------------------------------------------------------------------

---------“ за “ гласаа 313.930 гласа-----------------------------------------------------------------------------------------

---------“ против “ гласаа 7.991 гласа----------------------------------------------------------------------------------------

---------“ воздржани “ гласаа 396 гласа-----------------------------------------------------------------------------------

**Одобрена е работата на** АЛЕКСАНДАР КРСТЕВСКИ.------------------------------------------------------------------

За одобрување на работа на **Јованче Јошев.**------------------------------------------------------------------------

---------“ за “ гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------------------

---------“ против “ гласаа 8.141 гласа--------------------------------------------------------------------------------------

---------“ воздржани “ гласаа 131 гласа-----------------------------------------------------------------------------------

---------“ воздржани “ гласаа 0 гласа--------------------------------------------------------------------------------------

**Одобрена е работата на** ЈОВАНЧЕ ЈОШЕВ.----------------------------------------------------------------------------

./.

---

и на крај за одобрување на работа на **Страхил Пановски.**--------------------------------------------
--------" за " гласаа 314.195 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 8.122 гласа-------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 0 гласа--------------------------------------------------------------------
**Одобрена е работата на** СТРАХИЛ ПАНОВСКИ.---------------------------------------------------------

---

Со оглед со самото гласање и одобрување на работата поединечно на сите членови на Одборот на директори, заклучувам дека е *донесена* **Одлука:**------------------------------------------------------------
**Се одобрува на работа на целиот Одбор на директори на ФЗЦ 11ОКТОМВРИ А.Д. Куманово.**----------------

---

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што тие работеле на штета на вработените и малцинските акционери.------
За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што Одборот на директори работел лошо и во нивен мандат друштвото генерира загуби. ----------------------------------------------------------------------------

**5. Донесување на Одлука за отповикување на членови на Одбор на директори.**---------------------------------
----Претсадавачот истакна дека според чл. 363, став 1 од Законот за трговски друштва предвидена е можност Собранието да отповика членови на Одборот на директори и пред истек на времето за кое што е избран. Бидејки никој не се јави за дискусија се помина на изгласување на предложеното отповикување:-------
----Кој е за отповикување на **Јованче Јошев** како извршен член на Одбор на директори **.**---------------------------
--------" за " гласаа 322.317 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 0 гласа-----------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 0 гласа--------------------------------------------------------------------
**Се констатира дека е донесена Одлука за отповикување на** ЈОВАНЧЕ ЈОШЕВ како извршен член на Одбор на директори **.**-------------------------------------------------------------------------------
----Кој е за отповикување на **Александар Крстевски** како претседател и неизвршен член на Одбор на директори.----------------------------------------------------------------------------------------
--------" за " гласаа 322.317 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 0 гласа-----------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 0 гласа--------------------------------------------------------------------
**Се констатира дека е донесена Одлука за отповикување на** АЛЕКСАНДАР КРСТЕВСКИ како член на Одбор на директори **.**-------------------------------------------------------------------------------
----Кој е за отповикување на **Страхил Пановски** како како независен неизвршен член на Одбор на директори.----------------------------------------------------------------------------------------
--------" за " гласаа 322.317 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 0 гласа-----------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 0 гласа--------------------------------------------------------------------
**Се констатира дека е донесена Одлука за отповикување на** СТРАХИЛ ПАНОВСКИ како независен неизвршен член на Одбор на директори.-----------------------------------------------------------------

---

По ова се констатира дека врз основа на член 363, ст, 1 т. 8 од Законот за трговски друштва е донесена едногласна **Одлука за отповикување на сите членови на Одборот на директори**.---------------------------

---

**6. Донесување на Одлука за избор на членови на Одбор на директори.**----------------------------------------
-Председавачот истакна дека со оглед дека се отповикани сите членови на Одборорот на директори потребно е да се изберат нови членови на Одборорот на директори. Согласно чл. 344, став 3 од Законот за трговски друштва за кандидатите на Одборорот на директори во законски рок се објавени податоци ( биографиите ) на официјалната интернет страница на друштвото. Траење на мандатот на членови на Одборорот на директори ќе изнесува 5 ( пет ) години. По ова тој ја замоли Госпоѓата Марина Шаботиќ да ги прочита биографиите на кандидатите кои поднеле кандидатури и тоа: Војчо Нацевски, Александар Крстевски и Благоја Ставров. По ова се помина на гласање.-----------------------------------------------
----Кој е за првиот предлог да **Војчо Нацевски** да биде избран како член на Одбор на директори **.**-----------------
--------" за " гласаа 314.045 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 8.141 гласа-------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 131 гласа------------------------------------------------------------------
**Се констатира дека е донесена Одлука за избор на** ВОЈЧО Нацевски како член на Одбор на директори.-------
----Кој е за вториот предлог да **Александар Крстевски** да биде избран како член на Одбор на директори.-----
--------" за " гласаа 314.045 гласа----------------------------------------------------------------------
--------" против " гласаа 7.991 гласа-------------------------------------------------------------------
--------" воздржани " гласаа 281 гласа------------------------------------------------------------------
**Се констатира дека е донесена Одлука за избор на** АЛЕКСАНДАР КРСТЕВСКИ како член на Одбор на директори.-----------------------------------------------------------------------------------------

./.

----Кој е за третиот предлог да **Благоја Ставров** да биде избран како независен неизвршен член на Одбор на директори .-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------- " за " гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------

--------- " против " гласаа 8.122 гласа-------------------------------------------------------------------------

--------- " воздржани " гласаа 150 гласа----------------------------------------------------------------------

**Се констатира дека е донесена Одлука за избор на** БЛАГОЈА СТАВРОВ како независен неизвршен член на Одбор на директори .--------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

По ова претседавачот изтакна дека Собранието донесе Одлука за избор на членови на Одбор на директори и тоа: **Војчо Нацевски, Александар Крстевски и Благоја Ставров со траење на мандат од 5 години.**-----------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што таа е на штета на друштвото и има судир на интереси.----------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што постои судир на интереси. ----------------------------------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 4, Васко Тодоровски, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука и ќе поднесе писмен поднесок за нивно поништување.---------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7. Разгледување и усвојување на годишен извештај на Службата на внатрешна ревизија и донесување на одлука.**-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека со оглед да материјалите по оваа точка беа објавени на официјалната интернет страница на друштвото заради достапност на сите акцинери, по оваа точка отвори дискусија:---------------------

Бидејќи никој не сејави за збор, претседавачот го стави предлогот на гласање:------------------------------------------

--------- " за " гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------

--------- " против " гласаа 8.272 гласа--------------------------------------------------------------------------

--------- " воздржани " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------------------

Донесена е едногласна **Одлука за усвојување на годишен извештај на Службата на внатрешна ревизија** во се како во Предлог - Одлуката.------------------------------------------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8. Донесување на Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2020 година.**--------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот истакна дека од Сектор за Економика и развој е доставен предлог за назначување на ревизорска куќа и тоа на ГРАНД ТОРТОН ДОО Скопје. По ова Одлуката ја стави на гласање.-----------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

--------- " за " гласаа 314.045 гласа-----------------------------------------------------------------------------

--------- " против " гласаа 8.272 гласа--------------------------------------------------------------------------

--------- " воздржани " гласаа 0 гласа------------------------------------------------------------------------

По пребројувањето се констатира дека дека **Одлука за назначување на овластен ревизор за ревизија на годишна сметка и финансиски извештаи за 2019 година, - ревизорска куќа ГРАНД ТОРТОН ДОО СКОПЈЕ** по пат на јавно гласање на акционери и полномошници на акционери е донесена со 314.045 гласа " за ". ------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 4, Васко Тодоровски, кој истакна дека сака да знае колку години по ред се донесува Одлука да ГРАНД ТОРТОН ДОО Скопје да биде избрана за ревизорска куќа и дека се противи на ваквата донесена одлука .--------------------------------------------------

За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што нема доставено понуда и дали има доставено други понуди, сето тоа укажува дека Одлуката е на штета на друштвото.-------------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

9. **Донесување на Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна.** -------------------------------------

За оваа точка Претсадавачот истакна: Согласно чл. 459 од Законот за трговски друштва мнозинскиот акционер КВАЛИТЕТ ПРОМ ДООЕЛ Куманово кој поседува повеќе ос 20 % од акциите на ФЗЦ благовремено го извести друштвото дека е заинтересирана страна во предложената зделка. Одборот на директори донесе заклучок со кој предлага на Собранието да ја донесе Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна. Оваа одлука се донесува со гласање од страна на малцинските сопственици наакции, а не гласа мнозинскиот акционер како заинтересирана страна. Сега ќе го прочитам текстот на предлог одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна. Исто така беше прочитан и Заклучокот од Одборот на директори на ФЗЦ од 27.08.2020 год. по што се отвори дискусија од присутните малцински акционери и инивните полномошници.----------------------------------------------------------------------

--За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна дека донесувањето на оваа Одлуказа одобрување на зделка со заинтересирана страна е на штета на друштвото. Сметам дека фабриката има услови сама да си ги купи тие машини. Прашувам дали тие машини се веќе вклучени во работен процесс? А ако се вклучени сакам да знам од кога? Дали Одборот на директори има побарано понуди од фирмата производувач на овие машини. Сметам дека овој договор е штетен, а во

./.

друго друштво во кое јас сум полномошник, претставник на малцински акционери има добиено пресуда за надомест на штета. Уште еднаш нагласувам да ми се достави одговор во писмена форма.---------------------------
-- За збор се јави Горан Антевски претставник-полномошник на малцински акции под ред. бр. 8 и истакна. Жалосно е што една ваква фирма која опстојува во вакви тешки времиња има вакви опортунисти кои само плукаат по раководството на друштвото. Јас ја поздравувам нивната работа, а акционерите кои не се задоволни ги замолувам да си ги продадат своите акции. На ова реагираше акционерот под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна да тврденето на Горан Антевски е клевета за некои од нас малцински акционери ние не сме ракетари или неписмени акционери сл. Фирмата не работи добро и затоа сакме да ги заштитиме малцинските акционери. Сметам дека тука се извлекуваат средства на штета на малцинските акционери.------
-- За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој истакна дека потребно е претставник на друштвото да каже дали е подобро машините да се купат или пак да се склучи договор за закуп. Не е даден рокот за предавање во владение на машините па така договорт би бил ништовен. -------------
Кога полномошникот Марјан Поповски се враќаше од говорницата реагираше дека акционерот Миле Спасовски го навредил, зошто го нарекол " будала " и тражеше претседавачот да го заштити од вакви навреди и дофрлувања.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--По ова за збор се јави претставникот ма мнозинскиот акционер Тони Каранфиловски кој истакна.-------------
Ние како мнозински акционер во ова друштво дојдовме во 2015 год. И тоа во месец мај. Зошто тогаш не дојдооа овие загрижени да помогнат. Квалитет-Пром како мнозински акционер даваше позајмица на фабриката со 1% пониска од сите банки и така се исплатија сите заостанати плати. Се јавија и тужби па и средствата по тие тужби се исплатија од Квалитет-Пром. За сите пет години се исплаќаат редовни плати на вработените. Генераторот е тука и вари за потребите на ФЗЦ. Машината за внатрешен завар е купена од Америка и ќе пристигне нареден месец. Дали за машините има понуди. Со машините не бараме зделки, тукусамо сакаме фабриката да работи. За седум години преку рента машините остануваат во сопствност на фабриката. Во секој случај со вакви работи не ги штитите правата на акционерите.----------------------------------
--На ова реплицирашеакционерот под ред. бр. 5, Никола Пљаков. Не ми ејасно кој е интерест на мнозинскиот акционер да вложива во ФЗЦ, а да нема интерес? Зошто се вложува во зграда, а не во машини? Кој е интерест од овие машини, јас барам информации ?----------------------------------------------------------------
--Тони Каранфиловски истакна дека за дивиденда да ви дадам одговор. Прво треба да се извади дивиденда па потоа треба да се дели дивиденда. Па јас како мнозински акционер би зел најголема дивиденда. ------------------

Откако беше изцрпена дискусијата претседавачот констатира дека за одлуката гласаат само малцинските акционери кои на денешната седница поседуваат 20.325 гласа и Одлуката ја стави на гласање;--
--------- " за " гласаа 12.053 гласа------------------------------------------------------------------------------------------
--------- " против " гласаа 8.141 гласа------------------------------------------------------------------------------------
--------- " воздржани " гласаа 131 гласа--------------------------------------------------------------------------------
По пребројувањето се констатира дека е донесена **Одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна** по пат на јавно гласање со 12.053 гласа " за ". -------------------------------------------------------------------
За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 6, Марјан Поповски кој истакна дека се противи на ваквата донесена одлука.------------------------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 5, Никола Пљаков, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука затоа што е спротивна на ЗТД.-------------------------------------------------
За збор се јави и полномошникот на акционери под ред. бр. 4, Васко Тодоровски, кој исто така истакна дека се противи на ваквата донесена одлука.-------------------------------------------------------------------------------------
Откако беше исцрпен дневниот ред, Председавачот констатира дека Собранието заврши со работата во 14 часот и 40 минути.---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Потврдувам дека овој акт лично го составив и лично му го прочитав на Председавачот на Собранието, и дека го предупредив на правните последици од ваква правна работа.------------------------------------------------
Председавачот изјави дека ги прифаќа правните последици кои произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој нотарски акт во целост одговара на дејствија кои се случувале на седницата.-----------------
--Овој нотарски акт е составен на осум страни од осум листа. На Претседавачот му се издадени два ( 2 ) извода, од кои еден извод за архива на друштвото и еден извод за службена потреба ( со издадените изводи се врзани се донесените одлуки на собранието, а кои одлуки се изработени од правната служба на друштвото, а ќе се искористат за потреби во Трговдкиот регистар при Централниот регистар на Р.С.Македонија ). Изворникот на нотарскиот акт се чува во мојата архива.----------------------------------------------
Нотарска такса по тарифен број 32 од Законот за судски такси во износ од 500 денари е наплатена и поништена на примерокот кој останува за архивирање (изворникот) ---------------------------------------------------
Нотарска награда по чл. 44, чл. 56 и 57 од ПНТ е пресметана во износ од 15.000, оо денари и трошоци во износ од 810 денари.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--Претседавач на Собрание, Драган Сарк, с. р.---------------------------
-------ОДУ бр. 575/ 2020--------------------------------------------------------------------------------------------------------
-------Куманово, 05.11.2019 г. ( пети октомври, две илјадита и дваесетта година )------------------------------------

**Нотар Миќе Илијевски,**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот суд во НОТАР МИЌЕ ИЛИЈЕВСКИ КУМАНОВО